# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15 Ноември 2019 година<br>Службен гласник број 16<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
| ***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk*** | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА 2020 година**

1. Планот на развојни програми на Буџетот на Општина Прилеп, за 2020 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3865/1
15.11.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) согласно член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08,156/09, 95/10, 180/11 и 171/12) и член 26 ст.1 т.46 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.11.2019 година, донесе:

**ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ**
**на Општина Прилеп за 2020 година**

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Прилеп, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од комуналното уредување и сообраќајната инфраструктура,детската заштита, спортот и физичката култура Општина Прилеп приоритет им дава на следните Проекти, односно развојни програми:

- Развојна потпрограма- ЈДА, Реконструкција на Булевар "Гоце Делчев"- дел и улица "Прилепски бранители"- дел, а планираните средства за нејзина реализација во 2020 година изнесуваат 36.600.000,00 денари.

Булеварот "Гоце Делчев" и улицата "Прилепски бранители" се дел од примарната патна мрежа во градот и се наоѓаат во централното градско подрачје, односно се крстосуваат во самиот центар на Прилеп.Истите се изведени пред многу години кога градот бил со многу помал број на жители, а и бројот на моторните возила бил многу мал со што и фреквенцијата на сообраќајот била мала.Сега Прилеп е многу поголем град, со енормно зголемување на бројот на моторните возила и голема фреквенција на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај, а со тоа се јави потреба за реконструкција на овие улици.

Со реконструкцијата на Булеварот "Гоце Делчев" и улицата "Прилепски бранители" во центарот на градот ќе се добие модерно сообраќајно решение со зголемена безбедност, функционалност и проточност како на моторниот, така и на велосипедскиот и пешачкиот сообраќај.

Со Измените и дополнувањата на Буџетот на Општината за 2019 година, оваа Развојна програм ја планиравме во двегодишна со вкупна вредност од 72.000.000,00 денари, од кои во 2019 година планирани расходи во износ од 24.000.000,00 денари и за 2020 година планирани расходи во износ од 48.000.000,00 денари.

По спроведена набавка, постигната е најповолна понуда од 60.600.000,00 денари, од кои планираме до крајот на годината да реализираме 24.000.000,00 денари, а останатите 36.600.000,00 денари се планираат за втората година од реализацијата на Развојната програма, односно за 2020 година.

- Развојна потпрограма-ЈДБ Реконструкција на Стара Чаршија

Развојната потпрограма ЈДБ- Реконструкција на Старата Чаршија ја планираме како двегодишна развојна потпрограма со планирани вкупни расходи од 50.000.000,00 денари, од кои за 2020 година се планираат расходи во износ од 30.000.000,00 денари и во 2021 година планирани се расходи во износ од 20.000.000,00 денари.

Старата Чаршија последните неколку децении оставена е на забот на времето и не е вложувано ниту во нејзино тековно одржување.Ваквата состојба ја наметна потребата од нејзина реконструкција со цел враќање на нејзиниот автентичен сјај,зголемување на атрактивноста како туристичка понуда и подобрување на нејзината функционалност.

Со Проектот за реконструкција се планира:

-Поставување на соодветна инфраструктура со можност за влечење на подземните водови и инсталации на операторите кои имаат висечка инсталација низ улиците во Старата Чаршија и опфат на постојните подземни инсталации во нови водови,

-Поставување на нови гранитни плочки на улиците и пешачките зони во Старата Чаршија во вкупна површина од 10.000 метри кватратни.Се планира по спроведената постапка за набавка работите на раконструкција да започна во месец мај 2020 година, а да завршат во период од една година, односно во мај 2021 година.

Изготвувач на Проектот е ЈП за ПУП

-Развојна потпрограма ЛАА- Изградба на Базен во населба Точила

Развојна потпрограма ЛАА- Изградба на Базен во населба Точила ја планираме како двегодишна развојна потпрограма со планирани вкупни расходи од 120.000.000,00 денари, од кои за 2020 година се планираат расходи во износ од 50.000.000,00 денари и во 2021 година планирани се расходи во износ од 70.000.000,00 денари.

И по реконструкцијата на Градскиот стадион "Гоце Делчев", Општината ќе продолжи со инвестирање во објекти од областа на спортот и рекреацијата, со цел зголемување на понудата за спорт и рекреација на сите категории на граѓани.Градот Прилеп како еден од поголемите градови во државата нема објекти за развој на водните спортови и понуда за рекреација во летниот период.Стариот Градски базан одамна е вон употреба и нема минимум услови за давање на таков вид на услуги согласно неговата намена.

Од тие причини, а со цел збогатување на спортско-забавните содржини и туристичката понуда во летниот период, Општината ќе изгради спортско-рекреативен базен со придружни содржини во населба Точила.

Се планира по спроведената постапка за набавка работите на изградба на спортско-рекреативниот базен да започна во месец јуни 2020 година, а да завршат во период од една година, односно во јули 2021 година.

Изготвувач на Проектот е ЈП за ПУП.

-Развојна потпрограма ВАА- Изградба на детска градинка во населба Точила

Развојната потпрограма ВАА- Изградба на детска градинка во населба Точила ја планираме како двегодишна развојна потпрограма со планирани вкупни расходи од 110.000.000,00 денари, од кои за 2020 година се планираат расходи во износ од 45.000.000,00 денари и во 2021 година планирани се расходи во износ од 65.000.000,00 денари.

Пред Општина Прилеп во изминатиот период постојано се појавува проблемот со недостаток на сместувачки капацитети во постојните објекти на ЈОУ Детски градинки "Наша Иднина' за целосен опфат на децата од предучилишна возраст.Со цел надминување на овој акутен проблем Општината ќе изгради нова детска градинка во населбата Точила со капацитет од 250 деца. Вкупната нето корисна површина планирана на 2.400 квадрани метра.

Се планира по спроведената постапка за набавка работите на изградба на новата детска градинка да започна во месец мај 2020 година, а да завршат во период од една година, односно во мај 2021 година.

Изготвувач на Проектот е ЈП за ПУП

За предложените развојни потпрограми се предвидуваат средства во вкупен износ од 161.600.000,00 денари, од Буџетот на општина Прилеп за 2020 и 2021 година.

Аналитичкиот приказ на развојните потпрограми е како следува:

ПРИЛОГ 3

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за детски градинки | буџетска/општинска програма | ВА |
| Развојна потпрограма | Изградба на детска градинка во населба Точила | Ознака на развојна потпрограма | ВАА |
| Лице за контакт | Васе Никоска | Тел. и телефакс | 078 447 082 |
| Функција: | Раководител на Сектор за Урбанизам | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст од населбата Точила и дел од соседните населби. Имајќи го во предвид фактот што ЈОУ Детски градинки „Наша Иднина„ е во перманентен дефицит на сместувачки капаците за прифаќање на сите деца од предучилишна возраст, а со цел долгорочно задоволување на потребите, како логично долгорочно решение се наметна потребата за изградба на нова детска градинка во населбата Точила. Изборот на локацијата во населбата Точила е од повеќе причини;<br>- најголема населба во градот;<br>-градежно земјиште во сопственост на државата и<br>-користење на постојна инфраструктура. |
| Планирани активности | Подготвување на техничка документација, распишување на тендер за избор на најповолен изведувач, избор на фирма за надзор и реализација на планираните активности врз изградбата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст од населбата Точила и дел од соседните населби. Имајќи го во предвид фактот што ЈОУ Детски градинки „Наша Иднина„ е во перманентен дефицит на сместувачки капаците за прифаќање на сите деца од предучилишна возраст, а со цел долгорочно задоволување на потребите. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Изградба на потребна инфраструктура како основен предуслов за ефикасно реализирање на градежните активности над изградбата на објектот. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | мај 2020 година | | | | |
| Датум на завршување на проектот | мај 2021 година | | | | |
| Вкупна вредност | 110.000.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | | | | | |
| Ниво на студија* | Основен проект | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | ЈП за ПУП | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 31.01.2020 година | | | | |
| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| Индикатори | м2 | | | | 2400 |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (ст
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити сту
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2017** | **Предвидени расходи за 2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **По 2022 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | 110.000.000 | | | | 45.000.000 | 65.000.000 | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 110.000.000 | | | | 45.000.000 | 65.000.000 | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П – преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

| Приходи | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходно конто | Назив | 630 | | | 785 | | | 786 | | | Вкупно | | | |
| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | |
| 713111 | Данок на имот од физички лица | | 30.000.000 | 30.000.000 | | | | | | | | 30.000.000 | 30.000.000 | |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | | 15.000.000 | 35.000.000 | | | | | | | | 15.000.000 | 35.000.000 | |
| | Вкупно | 0 | 45.000.000 | 65.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000.000 | 65.000.000 | |

| Расходи | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
| Расходна ставка | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 48 | 0 | 45000000 | 65000000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45000000 | 65000000 |
| 481 | | 45000000 | 65000000 | | | | | | | | | | | 45000000 | 65.000.000 |
| Вкупно | 0 | 45.000.000 | 65.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000.000 | 65.000.000 |

ПРИЛОГ 3

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | буџетска/општинска програма | ЈД |
| Развојна потпрограма | Реконструкција на Стара Чаршија | Ознака на развојна потпрограма | ЈДБ |
| Лице за контакт | Васе Никоска | Тел. и телефакс | 078 447 082 |
| Функција: | Раководител на Сектор за Урбанизам | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Реконструкција на Стара Чаршија, со цел враќање на автентичниот сјај , зголемување на атрактивноста како туристичка понуда и подобрување на нејзината функционалност со поставување на нови гранитни плочки и поставување на соодветна инфраструктура со можност за влечење на подземни водови и инсталации на операторите кои имаат висечка инсталација низ улиците. |
| Планирани активности | Подготовка на техничка документација, распишување на тендер, избор на најповолен изведувач, избор на фирма за надзор и реализирање на планираните активности над изградбата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Реконструкција на Стара Чаршија, со цел враќање на автентичниот сјај , зголемување на атрактивноста како туристичка понуда и подобрување на нејзината функционалност со поставување на нови гранитни плочки и поставување на соодветна инфраструктура со можност за влечење на подземни водови и инсталации на операторите кои имаат висечка инсталација низ улиците. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Немање на подземен катастар. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | април 2020 година. | | | | |
| Датум на завршување на проектот | мај 2021 година. | | | | |
| Вкупна вредност | 51.000.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | | | | | |
| Ниво на студија* | Основен проект | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | ЈП за ПУП Прилеп | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 28.02.2020 година | | | | |
| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| Индикатори | м2 | | | 5.350 | 4.650 |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (ст | ПФС=Пред-физибилити сту

ИП = Идеен проект | ФС=Физибилити студија

ГП=Главен проект

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2017** | **Предвидени расходи за 2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **По 2022 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | С | 50.000.000 | | | | 30.000.000 | 20.000.000 | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 50.000.000 | | | | 30.000.000 | 20.000.000 | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

| Приходи | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходно конто | Назив | 630 | | | 787 | | | 785 | | | Вкупно | | | |
| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 717112 | Комунална такса за фирмарина | | 13.500.000 | 5.000.000 | | | | | | | | 13.500.000 | 5.000.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на град. | | 15.000.000 | 15.000.000 | | | | | | | | 15.000.000 | 15.000.000 |
| 717131 | Комунална такса за корис на простор | | 1.500.000 | | | | | | | | | 1.500.000 | |
| | Вкупно | 0 | 30.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000.000 | 20.000.000 |

| Расходи | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
| Расходна ставка | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 48 | 0 | 30000000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000.000 | 20.000.000 |
| 482 | | 30000000 | 20.000.000 | | | | | | | | | | | 30.000.000 | 20.000.000 |
| Вкупно | 0 | 30.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000.000 | 20.000.000 |

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за спорт и рекреација | буџетска/општинска програма | ЛА |
| Развојна потпрограма | Изградба на базен во населба Точила | Ознака на развојна потпрограма | ЛАА |
| Лице за контакт | Васе Никоска | Тел. и телефакс | 078 447 082 |
| Функција: | Раководител на Сектор за Урбанизам | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Зголемување на понудата за спорт и рекреација на сите категории на граѓани. Градот Прилеп како еден од поголемите во државата нема објекти за развој на водните спортови и понуда за рекреација во летниот период на граѓаните. Стариот Градски базен одамна е вон употреба и нема минимум услови за давање на таков вид на услуги согласно неговата намена. Од тие причини, а со цел збогатување на спортско-забавните содржини и туристичката понуда Општина Прилеп ќе изгради спортско-рекреативен базен со придружни содржини во населба Точила. |
| Планирани активности | Подготвување на техничка документација, распишување на тендер, избор на најповолен понудувач и избор на фирма за надзор и реализација на планираните активности над изградбата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемување на понудата за спорт и рекреација на сите категории на граѓани. Градот Прилеп како еден од поголемите во државата нема објекти за развој на водните спортови и понуда за рекреација во летниот период на граѓаните. Стариот Градски базен одамна е вон употреба и нема минимум услови за давање на таков вид на услуги согласно неговата намена. Од тие причини, а со цел збогатување на спортско-забавните содржини и туристичката понуда Општина Прилеп ќе изгради спортско-рекреативен базен со придружни содржини во населба Точила. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Изградба на потребната инфраструктура како предуслов за почеток на градежните активности на базенот. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | јуни 2020 година | | | | |
| Датум на завршување на проектот | јуни 2021 година | | | | |
| Вкупна вредност | 120.000.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | | | | | |
| Ниво на студија* | Основен проект | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | ЈП за ПУП Прилеп | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 31.01.2020 година | | | | |
| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| Индикатори | единица мера | | | | 1 |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (ст
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити сту
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2018 | Предвидени расходи за 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | По 2021 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | С | 120.000.000 | | | | 50.000.000 | 70.000.000 | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 120.000.000 | | | | 50.000.000 | 70.000.000 | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

| Приходи | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходно конто | Назив | 630 | | | 785 | | | 787 | | | Вкупно | | |
| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 733111 | Приходи од продажба на градеж | | 11.000.000 | 15.000.000 | | | | | | | | 11.000.000 | 15.000.000 |
| 733115 | Приходи од земјоделско земјиште | | 8.000.000 | 10.000.000 | | | | | | | | 8.000.000 | 10.000.000 |
| 733119 | Надоместза мин сур по простор | | 4.000.000 | 4.000.000 | | | | | | | | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 733120 | Надомест за мин сур за експлоатација | | 27.000.000 | 41.000.000 | | | | | | | | 27.000.000 | 41.000.000 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | 0 | 50.000.000 | 70.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 | 70.000.000 |

| Расходи | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
| Расходна ставка | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 48 | 0 | 50000000 | 70000000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50000000 | 70000000 |
| 482 | | 50.000.000 | 70.000.000 | | | | | | | | | | | 50.000.000 | 70.000.000 |
| Вкупно | 0 | 50.000.000 | 70.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 | 70.000.000 |

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | буџетска/општинска програма | ЈД |
| Развојна потпрограма | Реконструкција на Бул. "Гоце Делчев"-дел и улица „Прилепски Бранители" - дел | Ознака на развојна потпрограма | ЈДА |
| Лице за контакт | Љупчо Митрески | Тел. и телефакс | 078 358 963 |
| Функција: | Раководител на Одделение за локални патишта и улици | Е-маил | ljupco.mitreski@yahoo.com |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Подобрување на дел од уличната мрежа во центарот на градот, со зголемување на безбедноста, функционалноста и протокот на целокупниот сообраќај. |
| Планирани активности | Подготвување на техничка документација, распишување на тендер, избор на најповолен изведувач, избор на фирма за надзор и реализирање на на планираните активности над изградбата. |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1.Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3865/2
15.11.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.05/2002 и член 26, став 1 од Законот за финансирасе на локалната самоуправа Сл. весник на РМ бр. 61/2004, 67/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 година, Советот на Општина Прилеп на 34 седница одржана на 15.11.2019 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ПРИЛЕП**
За **2019** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина ПРИЛЕП за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 2.677.000 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 3.491.000 | 0 |
| | | **0** | **2.677.000** | **3.491.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 39.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 563.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 140.000 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 145.000 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 120.000 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 2.726.000 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 1.600.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 120.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 240.000 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 460.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.677.000** | **3.491.000** | **0** |

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општината и станува составен дел на Буџетот за 2019 година.

Бр. 09-3663/3
15.11.2019

Претседател на Советот на Општината
**Миле Талевски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1.Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3865/3
15.11.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1, точка2 од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.05/2002 и член 28, став 1 ос Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа Сл. весник на РМ бр. 61/2004, 67/2004, 96/2004, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 година, Советот на Општина Прилеп на 34 седница одржана на 15.11.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ПРИЛЕП**
**за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина прилеп за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | -240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -325.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 745.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 481110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на ста | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 423990 | Други материјали | 720.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J60** | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦ** | | | | | |
| 424390 | Одржување на други градби | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 425940 | Рушење на објекти | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -153.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 43.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 17.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 28.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464120 | Стипендии за поддршка на млади таленти | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -2.000.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 503.000 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | -503.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Број 09-3863/4
15.11.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ПЕРЕ ТОШЕВ"-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за превземање на Работнички универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-3865/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 15.11.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) а во врска со член 21 и 22 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011, 41/2014 и 145/2015) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Оштина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.11.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за превземање на Работнички универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп**

Член 1
Со оваа Одлука, Општина Прилеп ги презема основачките права, објектот, опремата и инвентарот на Работничкиот универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп.

Член 2
Со преземањето на основачките права од страна на Општина Прилеп, Работничкиот универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп, се трансформира во Локална јавна образовна установа „Отворен граѓански универзитет за доживотно учење" во која се врши јавна услуга како дејност од обласа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стучно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, реквалификација и доквалификација) како и неформално образование на младите и возрасните лица насочено кон оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој.

Член 3
Објектот, опремата, инвентарот, архивската документација, средствата за работа и другите права и обврски, се пренесуваат во сопственост на Општина Прилеп, а преминуваат во управување на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење" .
Примопредавањето ќе се изврши комисиски помеѓу претставници од ЕЛС Општина Прилеп и Работничкиот универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп.

Член 4
Вработените во Работничкиот универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп, ја продолжуваат својата работа во „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење".

Член 5
Средствата за финансирање на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење" се обезбедуваат од сопствени приходи за извршени услуги, од основачот, Буџетот на Република Северна Македонија, како и од легати, подароци, донации и други извори.

Член 6
Оваа Одлука влегува во сила по примањето на објектите и имотот на Работничкиот универзитет ''Пере Тошев''-Прилеп, од Владата на Република Северна Македонија, во сопственост на Општина Прилеп, а ќе се објави во "Сл. гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 09-3863/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 15.11.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ПАЗАРИ" ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2019 ГОДИНА ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

1.Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари'' Прилеп, за период од 01.07.2019 година до 30.09.2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-3865/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 15.11.2019година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.11.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Пазари" Прилеп, за период од 01.07.2019 година до 30.09.2019 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Пазари" Прилеп, за период од 01.07.2019 година до 30.09.2019 година.

член 2

